**20191241752**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА (*)**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа (*), што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јуни 2019 година.

Бр. 08-3437/1
11 јуни 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА (*)**

Член 1

Во Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ број 23/2003, 69/2004, 10/2008, 160/2008, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15 и 192/15), во член 1 став 1 точка 7 зборовите: „Интегрираната царинска тарифа“ се заменуваат со зборовите: „Интегрираната тарифа - ТАРИМ“.

Член 2

Во член 1-б во воведната реченица зборовите:

„Интегрираната царинска тарифа“ се заменуваат со зборовите: „Интегрираната тарифа - ТАРИМ“.

Член 3

Членот 5 се менува и гласи:

„За усогласување и менување на Царинската тарифа согласно со измените на Комбинираната номенклатура донесени од страна на Европската комисија, а кои се однесуваат на системот на имиња на стоката, системот на нумеричко означување, единичните мерки, како и забелешките кон соодветните оддели и глави, Владата на Република Северна Македонија, донесува одлука најдоцна до крајот на ноември во тековната година, која ќе се применува од 1 јануари следната година.

---

* Со овој закон се врши усогласување со Регулативата на Советот (ЕЕЦ) Бр. 2658/87 за тарифна и статистичка номенклатура и Општа Царинска тарифа, Службен весник на ЕУ Л 256/1987, Л 347/1989, Л 374/1989, Л 302/1992, Л 180/1993, Л 28/2000 и Л 269/2013.

Заради примена на одделни мерки што се однесуваат за увоз во и извоз од Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, донесува одлука со која може да врши менување на деветтата и десеттата цифра од тарифните ознаки на Царинската тарифа.

Одлуките од ставовите 1 и 2 на овој член се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Со одлуките од ставовите 1 и 2 на овој член не може да се менуваат стапките на царина, односно износот на царина што е утврден со овој закон.

Распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија ги пропишува Владата на Република Северна Македонија.

Прописите од ставот 4 на овој член Владата на Република Северна Македонија ги донесува во рок од три месеци од денот на објавувањето на регулативите на Европската комисија во „Службен весник на Европската Унија“.

Царинската управа ќе врши:

- интегрирање на сите тарифни и нетарифни мерки,
- определување на дополнителните ознаки на интегрирана тарифа - ТАРИМ,
- ажурирање на интегрирана тарифа - ТАРИМ, веднаш и
- објавување на интегрирана тарифа - ТАРИМ во електронска форма со користење на компјутеризиран систем, кога тоа е возможно.“.

Член 4

Во член 5-а зборовите: „Интегрираната царинска тарифа“ се заменуваат со зборовите: „Интегрираната тарифа - ТАРИМ“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.